Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 59 –ТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 13 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од педесет и деветтата седница на Државната изборна комисија**

Педесет и деветтата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 13 февруари 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 15:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во состав од шест членови и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Предлог Одлука за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на Јавен повик за распишување на изборите за Претседател на Република Македонија 13 април 2014 год. во странски весници;**
2. **Предлог соопштение за вршење јавен увид во Избирачкиот список;**
3. **Предлог Упатство за вршење јавен увид во посебниот извод од Избирачкиот список за гласање во ДКП;**
4. **Предлог Упатство за собирање потписи во ДКП и**
5. **Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и предложениот дневен ред е ставен на гласање и изјаснување. Во моментот на Седницата беа присутни 6 членови на ДИК и гласаа “ ЗА “ усвојување на предложениот дневен ред.

**Комисијата едногласно го усвои предложениот дневен ред.**

**Точка 1:**

**Предлог Одлука за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на Јавен повик за распишување на изборите за Претседател на Република Македонија 13 април 2014 год. во странски весници;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување во врска со оваа Предлог Одлука. Се работи за објавување на јавен повик за распишување на изборите за Претседател на Република Македонија во најмалку три најтиражни национални весници во странство. Државната изборна комисија доставува до Министерството за надворешни работи известување за објавување на јавен повик за распишување на изборите, а Министерството за надворешни работи најдоцна во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето е должно да го достави до ДКП односно конзуларните канцеларии заради објавувањето на јавниот повик за распишување на изборите за Претседател на Република Македонија во соодветната земја. ДИК се обврзува на МНР да му рефундира финансиски средства во висина од дваесет милиони денари за плаќање на трошоците за спроведување на предметната набавка.Се потпишува Договор за извршување на групната набавка од страна на Генералниот секретар на ДИК и Државниот секретар на МНР.

Во меѓувреме дојде седмиот член на ДИК и Комисијата продолжи со работа во полн состав.

Се отвори дискусија. Никој не побара збор и Предлог Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на Јавен повик за распишување на изборите за Претседател на Република Македонија 13 април 2014 год. во странски весници е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на Јавен повик за распишување на изборите за Претседател на Република Македонија 13 април 2014 год. во странски весници.**

**Точка 2:**
**Предлог соопштение за вршење јавен увид во Избирачкиот список**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување во врска со оваа точка. Со ова соопштение се известуваат граѓаните на Република Македонија дека од 16.02.2014 година ќе се врши јавен увид во Избирачкиот список за изборите за Претседател на Република Македонија. Текстот на ова соопштение ќе оди на програмите од државниот јавен сервис кои се со закон обврзани да го објават соопштението.

Се отвори дискусија.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК М-р. Субхи Јакупи кој кажа дека нема забелешки на текстот и во соопштението е се опфатено. Соопштението да се стави на ВЕБ страницата на ДИК на која треба да се стават и податоците за седиштата, односно просториите на подрачните одделенија и канцеларии на ДИК низ целата територија на Република Македонија како и податоците за просториите во општините каде ДИК нема свои подрачни одделенија каде ќе се врши јавниот увид. Треба да се следи ова соопштение кое ќе оди и на сателитскиот и на собранискиот канал на МТВ. Текстот на соопштението ќе биде и на јазиците на граѓаните припадници на другите заедници.

За збор се јави Бедредин Ибраими, член на ДИК, кој праша дали ДИК има Упатство за собирање на потписи за кандидат за Претседател на Република Македонија. Кога доби одговор дека нема вакво Упатство даде предлог службите веднаш да изготват Упатство за собирање на потписи за кандидат за Претседател на Република Македонија во Република Македонија кое ќе ги содржи сите потребни елементи како на пример кој може да се потпише, каде да се потпише и друго.

Предлогот на Бедредин Ибраими, член на ДИК веднаш да се изготви Упатство за собирање на потписи за кандидат за Претседател на Република Македонија во Република Македонија е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Предлогот на Бедредин Ибраими, член на ДИК веднаш да се изготви Упатство за собирање на потписи за кандидат за Претседател на Република Македонија во Република Македонија.**

**Точка 3:**
**Предлог Упатство за вршење јавен увид во посебниот извод од Избирачкиот список за гласање во ДКП;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори расправа по оваа точка.

За дискусија се јавија:

- Сашо Срцев, Член на ДИК, меѓу другото кажа дека според содржината на ова Упатство има неколку прашања, дали се работи за постапка за јавен увид во Избирачкиот список или за постапка за пополнување на пријава за гласање ( во пријавите веќе има упатство за пополнување на истите ), дали ќе се менува Образецот 30 –а и дали е оваа постапка само за Претседателски избори или ќе се носи друго Упатство.
- Бедредин Ибраими , Член на ДИК меѓу другото даде предлог во насловот на ова Упатство да се додаде дека се работи за избор на Претседател на Република Македонија, 2014 год. и дека е ова Упатство за вршење на јавен увид во Избирачкиот список во странство. Да остане во Упатството се што е потребно за јавниот увид во странство а се останато да се тргне. Упатството треба да биде кратко и јасно.
- Анета Стефановска ,Член на ДИК, кажа дека заради попрегледност на ова Упатство предлага двете работи, постапката за јавен увид во Избирачкиот список и постапка за пополнување на пријави за гласање, да не бидат во едно Упатство.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде **Предлог дека во моментот ова Упатство е беспредметно и треба да се повлече како точка на дневен ред, а доколку се укаже потреба од вакво Упатство ќе биде разгледано на една од наредните седници**

Дискусијата заврши и **Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи , е ставен на гласање.**

**Комисијата едногласно го усвои Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи и точката 3 е повлечена од дневен ред.**

**Точка 4:**
**Предлог Упатство за собирање потписи во ДКП;**

Се отвори дискусија по оваа точка. За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој праша дали има вакво Упатство за собирање на потписи во државата. Се констатира дека нема. Предложи и јавниот увид и собирањето на потписи да биде како соопштение, со малку реченици, кратко и јасно. Соопштението за јавен увид кое ќе оди на МТВ да се прилагоди и за нашите граѓани кои работат во странство. Законодавецот убаво го решил ова прашање со самата објава и повикот во весниците во странство. Според него непотребно е донесувањето на вакво Упатство.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, меѓу другото кажа дека треба да се изработи едно Упатство кое ќе важи и за Република Македонија и за странство, но Упатството треба да биде кратко и јасно. Ова Упатство не ги исполнува сите потребни елементи. Мора да се знае каква цел се постигнува со донесување на вакво Упатство. Прецизно даде објаснување на целата постапка за собирање на

потписи во ДКП и кои се обврските и задолженијата кои ги имаат Овластените лица од страна на ДИК во ДКП. Особено треба да се води сметка за околу 240 илјади гласачи кои живеат во странство а не се со " звездичка " да бидат упатени како да се запишат во Избирачкиот список.

- Виолета Дума, Член на ДИК кажа дека се работи за избор на Претседател на Република Македонија, постапката е иста и во државата и во странство и треба едно Упатство кое од како ќе се донесе ќе се истакне на ВЕБ страницата на ДИК.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кој меѓу другото кажа дека намерите на предлагачот- Секторот за избирачки список се добри но не треба да има двојство за Република Македонија и за ДКП. Во ДКП се луѓе вработени во Министерството за надворешни работи и добро е да се наложи на службата што побрзо да изготви едно целисходно Упатство и за Република Македонија и за странство. Ова Упатство треба да се повлече а ДИК треба да се насочи на роковите за изборен процес.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е ургентно донесување на вакво Упатство затоа што веќе се приближуваат датумите за собирање на потписи. Ако се повлече ова Упатство мора ургентно да се изготви ново Упатство за собирање на потписи.

- Државниот советник за едукација даде објаснување дека Упатството за собирање на потписи во ДКП е направено затоа што во ДКП работат лица кои се вработени во Министерството за надворешни работи и не се тесно поврзани со материјата во врска со изборен процес. Мора да се направи ново Упатство и да се стави на наредната седница за усвојување.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека се сложува со предлогот на Државниот советник за едукација. Колку што носи ДИК повеќе упатства тоа е подобро, значи дека ДИК добро работи. Во текстот на Упатството да се стави целата постапка за собирање на потписи во ДКП и кои се обврските и задолженијата кои ги имаат Овластените лица од страна на ДИК во ДКП кои прецизно ги наведе Потпретседателот на ДИК,М-р Субхи Јакупи за да им се овозможи на сите граѓани на Република Македонија кои живеат во странство и тие што не се со "звездичка " да си го остварат своето избирачко право. Треба да се до прецизира ова Упатство, текстот да биде во ред и да се стави на наредната седница за усвојување.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека на ВЕБ страницата на ДИК треба да се стави соопштение со кое ќе се информираат во ДКП за начинот на собирање на потписи.

По завршување на дискусиите Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски прецизира дека ова Упатство не кореспондира во овој момент да може да биде прифатено и оваа точка треба да биде симната од дневен ред.

Поради тоа што имаше два предлога прво се гласаше за првиот предлог.

**Прв Предлог оваа точка да биде симната од дневен ред е ставен на гласање.**

**Комисијата со 5 гласа " ЗА"** ( гласаат Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума, Бедредин Ибраими и Влатко Сајкоски ) **1 глас " ПРОТИВ "** ( гласаше Анета Стефановска ) **1 глас " ВОЗДРЖАН "** ( гласаше Сашо Срцев ) го усвои **Предлог оваа точка да биде симната од дневен ред.**

**Втор Предлог е Предлогот на Анета Стефановска, Член на ДИК, да се изработи нова содржина на Упатството како што кажа Потпретседателот на ДИК,М-р Субхи Јакупи, да се разгледа на работен состанок пред наредната Седница и да се стави како точка на таа Седница.**

**Комисијата со 3 гласа " ЗА"** ( гласаа Анета Стефановска, Сашо Срцев и Влатко Сајкоски ) **3 глас " ПРОТИВ "** ( гласаа Никола Рилкоски, Виолета Дума и

Бедредин Ибраими ) **1 глас " ВОЗДРЖАН "** ( гласаше М-р Субхи Јакупи ) **не го усвои Предлогот на Анета Стефановска, Член на ДИК.**

**Точка 5:**
**Разно**

По оваа точка дискутираа:

- Сашо Срцев, Член на ДИК кој кажа известувањето за објавување на јавен повик за распишување на изборите, Одлуката по точката 1 од овој дневен ред и објаснувањето во врска со оваа Одлука да се доставaт до Министерството за надворешни работи;
- Бедредин Ибраими,Член на ДИК праша дали е испратено писмото до политичките партии за предлагање на членови во Избирачките одбори. Добиен е одговор од Заменик генералниот секретар на ДИК дека е испратено такво писмо. Постави прашање дали се известени општините да обезбедат канцеларии и услови за сместување на ОИК. Добиен е одговор од Заменик генералниот секретар на ДИК дека е изготвено писмото. ДИК веќе има трошоци во изборниот процес па да се провери во Секторот за финансии дали се префрлени средсвата од Министерството за финансии предвидени со Буџетот за овој изборен процес;
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа да се одреди Раководителот на Секторот за едукација да ги разгледува барањата кои се доставуваат до ДИК и да даде мислење по истите до Комисијата. Исто така Раководителот на Секторот за едукација да ги разгледува и приговорите, тужбите и жалбите и да даде мислење по истите до Комисијата.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше други пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори педесет и деветтата седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**59-та седница на Државната изборна комисија заврши во 16:32 часот.**

**Број** 07-375/2
18. 02. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**